*Анекс 1*

# *ИЗВАДОЦИ ОД СКРАТЕНО КОМПАРАТИВНО ИСТРАЖУВАЊЕ*[1]

Важна напомена: Скратеното компаративно истражување е изготвено со користење на извори јавно достапни на интернет, без претходни насоки за избор на земји или системи. И покрај тоа што во најголем дел користените информации потекнуваат од веб-локации на официјални извори, не може да се гарантира нивната точност.
За да се утврди достапноста на регистар на јавни функционери и јавното објавување на анкетните листови/извештаите за имотната состојба/пријавата/имотната картица и слични поднесоци на функционерите на специјализираните антикорупциски институции од аспект на управувањето со овие поднесоци, извршена е директна проверка во веб-локацијата на релевантниот официјален извор. Материјалот не е изготвен со цел да дава насоки за избор на решение.

**Вашингтон** (сојузна држава во САД)

Воведна забелешка:
Петте членови на Комисијата за јавно обелоденување се именувани од гувернерот, по претходна согласност на Државниот сенат.
Комисијата, меѓу другото е надлежна да

- составува ажурирана листа на сите поднесени извештаи и изјави;
- испитува дали соодветно се пополнети изјавите и извештаите и дали истите се поднесени во законски утврдените рокови;
- по претставка или по сопствено наоѓање, врши истрага и ги известува органите за спроведување на законот во случај на кршење на законските одредби во врска со поднесувањето на извештаите и изјавите;
- спроведува ревизии и истраги на терен за да обезбеди статистички валиден наод за степенот на почитување на одредбите за поднесување извештаи и изјави;
- усвојува правила кои се однесуваат на обезбедување, управување, индексирање и објавување на извештаите кои се доставуваат до локалниот ревизор или локалниот изборен службеник, за да се обезбеди лесен јавен пристап до извештаите; итн.

Анкетните извештаи (Ф-1) на лицата кои имаат обврска истите да ги доставуваат не се јавно достапни на веб-локацијата на Комисијата, туку копие од нив може да се добие по писмено барање, а постои можност извештаите и да се разгледуваат со увид во канцеларијата на Комисијата.
Следните лица се должни годишно да поднесуваат изјава за личните финансиски прашања (анкетен извештај):

1. носители на државни функции,
2. носители на локални функции,
3. сите други носители на локални функции соодветни за јуриздикција со популација од најмалку 1,000 регистрирани гласачи, освен во посебни области каде гласачите мора да имаат посебни квалификации како што е сопственост на имот,
4. одредени извршни државни офицери чија листа е утврдена и
5. стручниот персонал на гувернерот и законодавството.

☑ Регистар на избрани и именувани лица

[1] Скратеното компаративно истражување е изготвено во ноември 2014 година како материјал за Работната група за изготвување на измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата.

Комисијата подготвува листа на сите државни избрани функционери. Листата се ажурира секоја година до 15-ти јануари.
Канцеларијата на гувернерот и Домот на претставници се должни да достават листа на имиња и позиција за лицата кои имаат обврска да достават анкетен извештај. Објавена е утврдената листа на избраните и именуваните лица кои ја имаат оваа обврска. Вработените во Канцеларијата на гувернерот и стручниот кадар во Сенатот и Домот на претставниците се наведени во листа поименично.[2]

☑ Анкетните извештаи на членовите на Комисијата за јавно обелоденување добиваат ист третман.
Со оглед на тоа што членовите на Комисијата се функционери за кои постои законска обврска да поднесуваат извештаи до Комисијата, не постои исклучок по однос на поднесувањето и објавувањето на нивните извештаи.

🕮 Основи за разрешување
Член на Комисијата може да биде отповикан со одлука на гувернерот, но единствено во случај на претходно утврдено запоставување на должноста или злоупотреба на функцијата.

## Обединетото кралство

Воведна забелешка:
Во Обединетото кралство постои сложен систем на регистрација на интереси во рамки на државните институции кој е уреден со упатства односно кодекси или правила согласно кои се утврдува обврската за пријавување интереси, обликот на регистрација и содржината на пријавувањето, како и телото (најчесто комитет) кое надлежно за водење на регистарот, вршењето мониторинг над почитувањето на правилата и постапката за утврдување на одговорност доколку се утврди непочитување на актите.

☑ Регистар на избрани и именувани лица
Согласно дел 8 од Упатството за правилата во врска со однесувањето на членовите, Парламентарниот комесар за стандарди е надлежен за составување на Регистарот на интересите на членовите. Согласно дел 7 од Кодексот за однесување на Домот на лордовите, парламентот именува регистрар за одржување на Регистарот на интереси на лордовите. Регистарот на интереси на лордовите е достапен во организација на регистрарот, а исто така и на интернет.
Согласно дел 16 од анексот кон Упатството за правилата во врска со однесувањето на членовите, Регистарот на интересите на членовите е достапен во хартиена форма во Канцеларијата на Комитетот на Долниот дом и на интернет.
Регистарот на интереси на членовите се објавува на започнувањето на мандатот на новиот состав на Парламентот и се ажурира годишно.
Под регистрација на интересите во горенаведени регистри се подразбира регистрирање на дополнителна работа, спонзорства, клиенти, посети во странство, гостопримство, имот, хартии од вредност и друго (10 категории). Утврден е праг за задолжителна регистрација. За регистрацијата на подароци и друга корист постојат одредени исклучоци.
Постојат и други релевантни листи на регистрирање интереси, како што се Регистар на интереси на членовите на секретаријатите и истражувачките соработници и Регистар на крос-партиските групи.

Членовите на надлежните тела за надзор на почитувањето на обврската за поднесување изјава за интерес доброволно ги објавуваат своите изјавите за интереси.

---

[2] WAC 390-24-160 www.pdc.wa.gov/archive/elected%20public%20officials

🕮 Основи за разрешување
Непочитување на обврската за пријавување на интереси се испитува по добиено сознание (писмена претставка) од страна на телото кое е надлежно за мониторинг над имплементацијата на одредбите од актот со кој се уредува обврската за пријавување на интереси.
Пример:
Комесарот за стандарди во Домот на лордовите ја разгледува претставката и во прв степен основаните сомневање му ги предочува на лордот на кој се однесува претставката. Доколку корективна активност не биде преземена или на друг начин непочитувањето на одредбите не може да се реши, Комесарот ја доставува претставката до Поткомитетот на Домот на лордовите или директно до Комитетот за привилегии. Комитетот за привилегии може да му препорача на Домот на лордовите, лордот да се суспендира на одреден период, а може и да му се одбие пристапот до системот за финансиска поддршка, користењето на просториите на Домот и други привилегии. Уредена е жалбената постапка против овие одлуки.
Комесарот се именува со Резолуција на Домот на лордовите, а надлежен да врши надзор врз неговата работа е Комитетот за стандарди во чиј состав се именувани претставници на Домот на лордовите.

## Хрватска

☒ Регистар на избрани и именувани лица
Воспоставувањето на регистарот на имотни картички на функционери е во надлежност на Комисијата за спречување судир на интереси, согласно Законот за спречување судир на интереси.
Регистар сеуште нема воспоставено, ниту пак постои листа на избрани и именувани лица.
Кругот на лицата кои согласно законите имаат обврска да поднесуваат пријава на имот и приходи не е во целост прецизно дефиниран.

☑ Објавени се имотните картички на членовите на Комисијата за спречување судир на интереси на порталот на Комисијата каде што се објавени и другите имотни картички
Согласно член 32 став 10 од Законот за спречување судир на интереси, по изборот на претседателот и членовите на Комисијата, одборот за избор на својата веб страница ги објавува нивните извештаи за имотната состојба.

🕮 Основи за разрешување на претседателот на членовите на Комисијата:
- по сопствено барање,
- во случај на трајно губење на способноста за вршење на должноста,
- ако престанат да постојат условите потребни за избор,
- во случај на кршење на одредбите од Законот за спречување судир на интереси.

Постоењето на причините за разрешување го утврдува Одборот за избор. Одлука за разрешување на претседателот и членовите на Комисијата донесува Хрватскиот собор.

## Романија

Воведна забелешка:
Сите анкетни листови и изјави за интереси се објавуваат на веб-локациите на надлежната институција (каде лицето е вработено и на веб-локацијата-порталот на Националната агенција за интегритет[3])

? Регистар на избрани и именувани лица
Не е познато дали има и како е уредено неговото составување и управување.

[3] http://declaratii.integritate.eu/home/navigare/cautare-avansata.aspx

☑ Анкетните листови на членовите на двете антикорупциски агенции се објавени на нивните веб-локации[4]

🕮 Основи за разрешување

Претседателот и заменик претседателот на Агенцијата можат да бидат разрешени во случаи кога во постапка (по поднесена претставка) ќе се утврди

- Неспособност за менаџирање
- Правосилна пресуда за сторено кривично дело
- Кршење на законските одредби за судир на интереси и неспојливост е утврдена или конфискација е изречена
- Неисполнување на условите врз основа на кои може да биде именуван

Одлуката за разрешување ја донесува Сенатот на предлог на Советот за национален интегритет (тело на Сенатот) донесен во постапка утврдена со Законот бр. 144.

## Словенија

? Регистар на избрани и именувани лица

Комисија за спречување на корупцијата согласно Главата V од Законот за интегритет и спречување на корупцијата (ЗИСК) врши надзор над имотната состојба на лицата коишто имаат обврска истата да ја пријават и води листа на овие лица (член 76 од Законот).

Листата содржи информации за личното име, функцијата или позицијата, институцијата/правното лице каде што лицето ја врши функцијата, адреса на престојувалиште и единствениот матичен број на лицето. Регистрацијата на лицата се врши електронски со пополнување на формулар преку порталот на Комисијата[5].

Податоците за регистрираните лица, во согласност со член 76 од ЗИСК се чуваат 10 години. Информациите доставени преку интернет се чуваат во енкриптирана форма. Информациите се заштитени во согласност со Законот за заштита на личните податоци и не се јавно објавени.

Комисијата за превенција на корупцијата, меѓу другите евиденции, води и:

- Евиденција на службеници, функционери, раководни државни службеници, лица на управни позиции и лица кои се одговорни за набавки
- Евиденција на деловните субјекти според член 35 од ЗИСК
- Евиденција на лицата наведени во првиот став од член 41 од ЗИСК
- Евиденција на лицата наведени во алинеја 2 од став 2 на член 47 од ЗИСК
- Евиденција - регистар на лобисти (јавно објавен)
- Евиденција на претприемачи, корпорации и организации од посебен интерес
- Евиденцијата на вработените ( Датотеки)
- Евиденцијата на вработените (MFERAC)
- Регистар на трошоците на работна сила (MFERAC)
- Евиденција на уметнички приходи од авторски права и договори
- Евиденција на волонтерска работа
- Извештаи за исплата на поединци кои не се вработени во Комисијата

☑ Анкетните листови на членовите на Комисијата за превенција на корупцијата се јавно објавени на веб-локацијата на Комисијата.[6]

---

[4] За составот на Националниот антикорупциски директорат: www.pna.ro/of_pol_judiciara.xhtml
За составот на Националната агенција за интегритет: www.integritate.eu/A.N.I/Declara%C8%9Bii-de-avere.aspx
Портал на сите поднесени анкетни листови и изјави за судир на интереси:
http://declaratii.integritate.eu/home/navigare/cautare-avansata.aspx

[5] https://registri.kpk-rs.si/registri/register_zavezancev/
https://registri.kpk-rs.si/registri/register_zavezancev/prijava/

[6] www.kpk-rs.si/sl/projekt-transparentnost/kpk-v-stevilkah/premozenjsko-stanje-funkcionarjev-komisije

🕮 Основи за разрешување
Претседателот на Републиката ќе го отстрани од должност претседателот и заменик претседателот на Комисијата:
- по нивно барање;
- доколку се осудени со правосилна пресуда на затворска казна;
- трајно ја загубат способноста за вршење на функцијата; и
- доколку е постапено во спротивност на став 5 на член 7 на овој Закон (вршење функција/работа која се неспојлива со функцијата претседател на Комисијата).
Во последниот случај, претседателот на Републиката ќе го отстрани од должност претседателот/заменик претседателот на предлог на Националното собрание, исто како и ако постапува спротивно на Уставот и законот.

## Албанија

Воведна забелешка:
Генералниот инспектор е надлежен да го насочува Високиот инспекторат за анкетни листови и ревизија на имот, да врши ревизија на анкетните листови и на законитоста на изворите на имот декларирани од страна на субјектите кои имаат законска обврска да достават анкетен лист. Исто така, генералниот инспектор за нерегуларностите најдени во анкетните листови ги известува претседателот, Собранието, Високиот совет на правдата, Советот на министри, премиерот и директорите на централните институции.
Генералниот инспектор е избран од Собранието по предлог на претседателот на Републиката ( се избира помеѓу двајца кандидати) за 5 годишен мандат.
Генералниот инспектор го доставува првиот анкетен лист во рок од 30 дена од неговиот избор и секој следен анкетен лист го доставува годишно до Собранието на Република Албанија.
Во Албанија постојат четири типа на поднесување анкетни листови: 1) пред вработувањето; 2) годишно/периодично; 3) по заминувањето од функцијата; и 4) по барање.

? Регистар на избрани и именувани лица
Високиот инспекторат за пријавување и ревизија на имот има надлежност редовно да го ажурира регистарот кој е наречен Основен регистар на субјекти должни да поднесат анкетен лист, во кој сите функционери кои имаат законска обврска да го пријават имотот се евидентирани по нивниот посебен број. Регистарот е јавен и ги содржи следните информации: општи информации за функционерот (име, татково име, презиме), функција, институција, датум на именување/заминување на работното место и сите датуми на поднесување на анкетните листови низ годините, за времетраењето на јавната функција или должност. Покрај Основниот регистар, анкетните листови поднесени од функционери се евидентираат во регистарот наречен Листа на поднесоци, кој се ажурира на дневна основа. Оваа листа, дополнително на податоците содржани во Основниот регистар, содржи информација за начинот на поднесување на анкетниот лист.
Сите податоци за лицата кои поднесуваат анкетни листови се евидентираат во внатрешна дата-база, во која податоците на лицата поврзани со функционерот се исто така евидентирани. Сите анкетни листови по скенирањето се прикачуваат во дата-базата на Високиот инспекторат (внатрешен менаџмент систем за анкетни листови).
Во последно објавениот извештај за работата на Високиот инспекторат се констатирани недоследности и проблеми во врска со листата на субјекти кои имаат обврска да поднесат анкетен лист и изјава за интереси. Констатирано е дека листата не е комплетна и дека е наследена работа од голем обем за ажурирање и воспоставување контрола и проверка на поднесените анкетни листови и изјави за интерес.

? Објавување на анкетните листови

Секој анкетен лист може да биде објавен по барање, откако аритметичко-логичкиот процес на проверка ќе заврши.

🕮 Основи за разрешување

Мандатот на Генералниот инспектор престанува кога

а) е осуден со правосилна судска пресуда за сторено кривично дело;

б) отсуствува од работа подолго од три месеци;

в) даде оставка;

г) со правосилна пресуда се констатира дека не е деловно способен за вршење на функцијата.

Генералниот инспектор може да биде разрешен од страна на Собранието по барање од не помалку од 1/3 од вкупниот број на членови:

а) за кршење на одредбите на Законот бр. 9049;

б) доколку врши работи во судир на интереси;

в) во случај на откриени контрадикторности во вршењето на функцијата.

Согласно член 5 од Законот бр. 9049, во случај лицето кое е должно да поднесе анкетен лист одбива да поднесе анкетен лист ќе биде отстрането од вршењето на функцијата и ќе биде казнето согласно Кривичниот законик. Во рок од 30 дена Генералниот инспектор поднесува барање до надлежната институција за да се отстрани од функцијата лицето кое одбило да поднесе анкетен лист. Исто така, против лицето ќе се изрече санкција – глоба во износ од 50,000 до 100,000 албански леки (околу 350-700 евра) ако лицето не поднесе периодичен анкетен лист во пропишаниот рок без разумна причина.

## Босна и Херцеговина

Воведна забелешка:

Централната изборна комисија е надлежна за прием на анкетни листови на кандидати за изборна позиција на државно и локално ниво, и на избрани лица во други институции. Поднесените анкетни листови се евидентираат во регистар кој го води Комисијата.

Личните досиеја на лицата кои доставиле анкетни листови се чуваат и 6 месеци по истекот на мандатот на избраниот функционер, функционер на извршната власт или советник. По истекот на овој период и по поднесен предлог на Одделението за имплементација на Законот за конфликт на интереси, личните досиеја се архивираат во согласност со заклучоците донесени од Комисијата.

☒ Регистар на избрани и именувани лица

За податоци за тоа кои лица имаат обврска да достават анкетен лист, Централната изборна комисија се потпира единствено на добиените анкетни листови.

☒ Анкетните листови на членовите на Агенцијата за превенција и координација на борбата против корупцијата и на Централната изборна комисија не се објавени

Централната изборна комисија - Одделението за избори е надлежна за водење дата- база на анкетните листови на избраните функционери.

🕮 Основи за разрешување

Постапка за разрешување на директорот ќе се покрене во случаите кога директорот:

а) поднесе оставка,

б) против него е потврдено обвинение,

в) врши работа или функција која е неспојлива со функцијата директор или на кој било друг начин ги крши одредбите за неспојливост од член 14 од Законот,

г) трајно ја изгуби можноста за вршење на својата функција поради болест или смрт

д) го прекрши Кодексот на однесување на вработените во Агенцијата за време на извршување на своите обврски.

Предлог за разрешување на директорот во согласност со закон поднесува Комисијата за избор и следење на работата на агенцијата.
Оваа Комисија има девет члена: 3 претставници од претставничкиот дом на парламентарното собрание на БиХ, 3 претставници на народниот дом на Парламентарното собрание на БиХ, 2 претставника на академската заедница и еден претставник на невладиниот сектор.
Комисијата ја именува и разрешува Парламентарното собрание на БиХ.

## Србија

Воведна забелешка:
Органи на Агенцијата за спречување на корупцијата се Одборот на Агенцијата и директорот на Агенцијата.

☑ Регистар на избрани и именувани лица

Согласно Законот за Агенцијата за борба против корупцијата (член 68), Агенцијата за борба против корупцијата ја води следната евиденција:

- Регистар на функционери;
- Регистар на имот;
- Листа на правни лица во кои функционер е сопственик на повеќе од 20% удели или акции;
- Каталог на подароци;
- Завршни сметки на политички партии, односно политички субјекти со извештаи, согласно законот со кој се уредува финансирањето на политичките партии, односно политичките субјекти;

Агенцијата може да води и друга евиденција согласно закон.
Согласно член 43 од Законот, органот во кој функционерот врши јавна функција е должен да ја извести Агенцијата дека функционерот стапил на функција, односно дека функцијата му престанала, во рок од 7 дена од денот на стапување на функција, односно престанокот на функција.
Начинот на водењето на горенаведената евиденција го пропишува директорот на Агенцијата.
Составен дел на Регистарот на функционери се деловодник, електронска база на податоци, известувања и збирка на исправи.
Деловодникот на Регистарот на функционери содржи податоци за бројот и датумот на приемот на известувањето и називот на органот кој го поднел известувањето.
Утврдена е формата и содржината на известувањето коешто се доставува согласно Законот. Согласно Правилникот за Регистарот на функционери и Регистарот на имот[7] (член 6), известувањето содржи: лични податоци за функционерот и тоа: име и презиме, матичен број, живеалиште и/или престојувалиште и адреса, број на телефон или друг контакт, стручна спрема и звање; занимање, работа или дејност која ја врши во моментот на стапување на јавна функција; назив на јавната функција на која стапува и назив на органот или организацијата во која ја врши јавната функција; назив на органот кој го избрал, поставил или именувал функционерот; датум на стапување на функција, датум на повторен избор и датум на престанок на функцијата, потпис на одговорното лице, односно овластеното лице во органот и место за печат.
Електронската база на податоци ги содржи сите податоци од соодветниот деловодник, соодветните известувањата и извештаи.
Податоците од Регистарот на функционери кои се однесуваат на име и презиме, живеалиште, престојувалиште, назив на јавна функција и орган во кој функцијата се врши, датум на стапување, повторен избор и престанок на функцијата се објавуваат на веб-локацијата на Агенцијата.

[7] Се применува од 2012 година.

Податоците од Регистар на функционери и  Каталогот на подароци се бришат по службена должност, по истекот на три години по престанокот на вршењето на јавната функција  на функционерите на кои се однесуваат податоците.
Согласно Законот за Агенцијата за борба против корупцијата, податоците од Регистарот за имот којшто согласно Законот за Агенцијата за борба против корупција се сметаат за јавни се објавуваат и на веб-локацијата на Агенцијата.

☑ Објавени се анкетни листови на директорот, заменик директорот и членовите на Одборот на Агенцијата за борба против корупцијата на веб-локацијата на Агенцијата[8]

🕮 Основи за разрешување:

Основи за разрешување на директорот:

- Несовесно вршење на функцијата,
- Членување во политичка партија, односно политички субјект,
- Нарушување на угледот или политичката непристрасност на Агенцијата,
- Осуда за кривично дело кое го прави недостоен за функцијата или ако се утврди дека го повредил овој закон.

Постапката во која се утврдува постоење на основи за разрешување на директорот ја води Одборот на Агенцијата, а се поведува на предлог на претседателот на Одборот или најмалку три члена на Агенцијата.

Основи за разрешување на член на Одборот:

- несовесно вршење на функцијата член на Одборот на  Агенцијата,
- членување во политичка  партија, односно политички субјект,
- нарушување на угледот или политичката непристрасност на Агенцијата,
- осуда за кривично дело кое го прави членот недостоен за функцијата член на Одборот на Агенцијата или ако се утврди дека го повредил Законот за Агенцијата за борба против корупцијата.

Постапката во која се утврдува постоење причини за разрешување на член на Одборот се поведува на предлог на претседателот на Одборот, најмалку три члена на Одборот, директорот на Агенцијата, како и предлагачот на тој член на Одборот.
Одборот на Агенцијата може да го оддалечи од функцијата членот против кој се води постапка во која се утврдува постоење причини за негово разрешување.
Директорот го разрешува заменик директорот. Мандатот на заменик директорот престанува со избор на нов директор.

## Црна Гора

? Регистар на избрани и именувани лица
Постои листа на сите функционери и членовите на нивното семејство кои имаат обврска да поднесуваат извештаи, што е воведено со дефиниција на јавен функционер од
Член 3 од Законот за спречување судир на интереси:
“Јавен функционер, во смисла на овој закон, е избрано, именувано и поставено лице во државен орган, орган на државна управа, правосуден орган, орган на локалната самоуправа, орган на локалната управа, независност тела, регулаторно тело, јавна установа, јавно претпријатие и друго правно лице  кое врши јавни овластувања, односно дејности од јавен интерес или е во државна сопственост, како и лице на чиј избор, именување или поставување дава согласност орган на власт.
Податоците за функционерите, како и било какви промени на овие податоци се поднесуваат од страна на институциите кои избираат и именуваат функционери.[9]
Комисијата воспоставува и објавува Листа на јавни функционери, врз основа на

[8] www.acas.rs/sr_cir/registri.html
[9] www.konfliktinteresa.me/new/index.php?option=com_content&view=article&id=196&Itemid=145&lang=me

информација која ја добива од институциите. Државните институции периодично ги доставуваат листите или по барање на Комисијата. Комисијата исто така ја дополнува листата со проверки во службеното гласило на Црна Гора.

Освен име, презиме и функција, Листата не содржи други податоци за функционерот. Информација за членовите во семејството Комисијата може да ги добие преку дата-базите за живеалиште (de jure) и матичните книги. За членовите на семејството Комисијата најмногу се потпира на податоци обезбедени од функционерите кои вкрстено ги проверува со други податоци.

Листа на функционери којашто е објавена на веб-локацијата на Комисијата за спречување на судир на интереси е поставена во средината на месец јуни 2005 година и претставува активност којашто е реализирана во соработка со НВО Центар за мониторинг ЦЕМИ, во рамки на Проектот „Едукација на јавните функционери за конфликт на интереси“, поддржан од страна на Балкан Траст фор Демокраси (Balkan Trust for Democracy).

☑ Објавени се анкетни листови на членовите на Комисијата за спречување судир на интереси на порталот на Комисијата каде се објавени и анкетните листови и на другите функционери[10]

🕮 Основи за разрешување:

1) несовесно или пристрасно вршење на должноста;
2) членување во политичка партија;
3) правосилна осудителна судска одлука за кривично дело или друго казниво дело кој го прави недостоен да биде член на Комисијата;
4) Комисијата утврди дека не е постапено на начин пропишан со овој Закон.

Постоење на причините за разрешување ги утврдува Комисијата на седница и за тоа го известува Собранието.

Претседателот или членот на Комисијата не може да врши должност додека Собранието не одлучи во врска со разрешувањето.

[10] www.konfliktinteresa.me/new/index.php?option=com_content&view=article&id=160&Itemid=121&lang=me